485640-ЕА

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02) и член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), а согласно член 21 став (1) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21 и 99/22), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 29.07.2022 година, донесе

# ОДЛУКА
## за внесување на основна главнина на Јавното претпријатие за комунални услуги „Комуналец" Крива Паланка

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши внесување на основна главнина во вид на паричен влог на Јавното претпријатие за комунални услуги „Комуналец" Крива Паланка во износ од 5.500.000 денари, средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Средствата со кои се внесува основната главнина од член 1 на оваа Одлука во износ од 5.500.000 денари ќе се уплатуваат сукцесивно на жиро сметка на Јавното претпријатие за комунални услуги Комуналец Крива Паланка.

Се задолжува Јавното претпријатие за комунални услуги Комуналец Крива Паланка по извршена уплата да поднесе пријава до Централниот регистар за упис на основна главнина.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Изабела Павловска

Број 09- 2874/31
29.07.2022 година
Крива Паланка

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за внесување на основна главнина на Јавното претпријатие за комунални услуги Комуналец-Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за внесување на основна главнина на Јавното претпријатие за комунални услуги Комуналец-Крива Паланка,што Советот ја донесе на 12-та седница, одржана на ден 29.07.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2874 /32**
**01.08.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски**